# 2 0 0 7

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) е организација на граѓанското општество, чија цел е поттикнување, поддршка и развој на локални, регионални и меѓународни иницијативи за унапредување на одржливиот развој на човечките ресурси во Македонија и надвор од неа.

Уште од 2003 година, МЦМС спроведува заеднички активности со црквите и верските заедници, во рамките на својата програма Меѓурелигиска соработка во Македонија (МСМ). Тие вклучуваат: разменски посети (меѓу теолошките факултети и на верските објекти) и предавања; обуки (основни вештини - компјутери и англиски јазик; раководење со проекти и организациско јакнење); информативни изданија (компаративни преводи, билтен, адресар, календари). Целта на програмата е да се збогати меѓусебната соработка на верските заедници и да се подобри разбирањето за нив кај целокупната јавност во Македонија.

Конкретна целна група се членовите и активистите на сите верски заедници во Македонија, со фокус на студентите од нивните образовни институции (теолошки средни училишта и факултети) како директни корисници.

Програмата е резултат на иницијативата за соработка којашто ја изразија претставниците на верските заедници во Македонија, како и студентите и професорите од двата теолошки факултети (Богословскиот факултет и Факултетот за исламски науки) во Македонија.

МЦМС ја спроведува оваа програма, заедно со: Македонската православна црква (МПЦ); Исламската верска заедница во Република Македонија (ИВЗ); Католичката црква (КЦ); Евангелско-методистичката црква (ЕМЦ); Еврејската заедница во Република Македонија (ЕЗРМ), како и другите регистрирани верски заедници во Македонија.

Овој календар е дел од активностите на програмата МСМ. Во него се содржани празниците, постовите и комеморативните денови на религиите коишто се практикуваат во Македонија. Главниот мотив за овој конкретен календар е истакнувањето на заедничкото културно наследство на овие простори, преку прикажување на сличностите на некои елементи од верските објекти на различните верски заедници. Тој е придонесот на МЦМС и на партнерите во програмата, кон меѓурелигиската соработка во Македонија, а се надеваме дека ќе биде корисен и за Вас.

Програмата е финансиски поддржана од Данската и од Норвешката влада, во соработка со Данската црковна помош (ДЦА) и со Норвешката црковна помош (НЦА).



**Меѓусебни уметнички културни влијанија изразени во уметничко архитектонските креации.**

Да се сакаме еден со друг бидејќи љубовта е од Бога; секој кој сака е роден од Бога и го познава Бога. Кој не сака не го познал Бога бидејќи Бог е љубов.

(1 Јов. 4,7-8)



## Јануари

| Пон | Вто | Сре | Чет | Пет | Саб | Нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 |
| 29 | 30 | 31 | | | | |

Христијански: Православни Католички (западен обред) Католички (источен обред) Евангелско-методистички Исламски Еврејски

- 01.01.2007 Св. Марија Богородица - спомен ден во чест на Марија, која преку Светиот Дух постана Богородица - Мајка Божја.
- 06.01.2007 Богојавление (Водици) - на тој ден се слават светите Три Цара: Гашпар, Мелхиор и Балтазар кои дојдоа од Исток да му се поклонат на Исус во Витлеемската пештера.
- 07.01.2007 Божик - Рождество Христово - се празнува раѓањето на нашиот Спасител, Богочовекот Господ Исус Христос. Луѓето се поздравуваат со Христос се роди" и си отпоздравуваат со „Навистина се роди".
- 14.01.2007 Обрезание Господово - се празнува спомeнот на обрезанието на Господ Исус Христос извршено во Ерусалимскиот храм на осмиот ден од неговото раѓање. Овој ден е посветен и на Свети Василиј Велики, а го означува и почетокот на новата година според јулијанскиот календар.
- 19.01.2007 Богојавление - Водици - празникот е востановен во спомен на крштението Господово. На овој ден Господ Исус Христос е крстен од Свети Јован Крстител во реката Јордан, при што се објавува целата Света Троица. На овој ден се фрла крстот во водата, а водата што се осветува е лековита и се чува во текот на целата година.
- 20.01.2007 (01 Мухарем 1428) Хиџрет - емигрирањето на Мухамед а.с. со своите привржаници од родното место Мека во Медина. За муслиманите денот на емигрирањето на Мухамед а.с. значи и почеток на муслиманската нова година. Овој настан се случил 623 година по раѓањето на Иса а.с.
- 29.01.2007 (10 Мухарем 1428) Денот на Ашуре - десеттиот ден на првиот месец на Хиџретската Нова година. Според Возвишениот Куран, месецот Мухарем е еден од четирите големи месеци, а ноќта на Ашуре е најголемата ноќ во овој месец. Истовремено и ден на смртта на внукот на Мухамед а.с., и син на Хазрети Алија, Хусеин р.а.

И со оние кои веруваат во Книгата дискутирајте како што треба, па оттука кажете: „Ние веруваме во тоа што ни се соопштува нам и во тоа што ви е соопштено вам, дека нашиот и вашиот Бог е – Еден, и ние Нему му се предаваме".

(Коранм ел-Анкебут, 29:46)



## Февруари 2007

| Пон | Вто | Сре | Чет | Пет | Саб | Нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 |
| 26 | 27 | 28 | | | | |

Христијански: Православни Католички (западен обред) Католички (источен обред) Евангелско-методистички Исламски Еврејски

- 02.02.2007 Сретение Господово - се слави четириесеттиот ден по раѓањето на Исус Христос, кого Марија и Јосиф го донесоа во храмот да го прикажат на Небесниот Отец.
- 03.02.2007 - Хамиша асар Бишват – (ту бишват) Празник на дрвјата.
- 15.02.2007 Сретение Господово - празникот ја означува средбата Господова со праведниот старец Симеон и пророчката Ана во храмот во четириесеттиот ден од раѓањето на Господ Исус Христос.
- 15.02.2007 Сретение Господово - се слави четириесеттиот ден по раѓањето на Исус Христос, кого Марија и Јосиф го донесоа во храмот да го прикажат на Небесниот Отец.
- 21.02.2007 Почеток на велигденскиот пост - Пепелница.

Сферните триаголници – пандатифите во црквата Успение на Св. Богородица во Трескавец, Прилеп изградена во 14 век со живопис од 19 век и пандатифот на југо-источниот ѕид во џамијата на Мустафа Паша изградена во 15 век, а декорирана во 19 век.





Овој свет е имовина, а најдобра имовина е добрата жена. Најдобрата жена е таа, кога ја гледаш те радува, кога и наредуваш те слуша и почитува, а кога се оддалечуваш го чува имотот и своината.

(Изрека на Мухамед а.с.)



# Март

| Пон | Вто | Сре | Чет | Пет | Саб | Нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 |
| 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | |

Христијански: Православни Католички (западен обред) Католички (источен обред) Евангелско-методистички

Исламски Еврејски

- 01.03.2007 Естерин пост - пост на почетокот на празникот Пурим.
- 02.03.2007 Светски молитвен ден на жените - празникот претставува интернационално движење на христијански жени, со цел преку молитва и дејствување да се ублажи бедата и да се постават знаци на солидарност.
- 04.03.2007 Пурим - спасување на евреите во Персија од колежот којшто го планирал Аман.
- 05.03.2007 Шушан Пурим.
- 11.03.2007 Комеморативен ден на 7230-те македонски евреи, кои се одведени во логорот на смртта – Треблинка.
- 25.03.2007 Св. Благовештение - како Пресвета Дева Марија го зачна Исуса Христа преку Светиот Дух.
- 30-31.03.2007 (11/12 Ребиу'л-Еввел 1428) Денот на Мевлуд - ден на раѓањето на Пратеникот Мухамед а.с. по хиџретскиот календар.

Јеуда Бен Тема вели: Биди храбар како леопард, лессен како орел, брз како елен и јак како лав, кога треба да ја извршиш волјата на Таткото Твој кој е на небесата.

(Мишна, Авот, 5:20)



# Април

2 0 0 7

| Пон | Вто | Сре | Чет | Пет | Саб | Нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | 1 |
| 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| 23/30 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 |

Христијански: Православни Католички (западен обред) Католички (источен обред) Евангелско-методистички

Исламски Еврејски

- 01.04.2007 Цветници - се празнува една недела пред Велигден во спомен на свеченото влегување на Господ Исус Христос во Ерусалим.
- 01.04.2007 Цветници - овој празник го означува свеченото влегување на Исус во Ерусалим.
- 03-10.04.2007 Песах - ослободување од ропството и заминување на евреите од Египет пред 3319 години.
- 07.04.2007 Благовештение - на овој ден Архангелот Гаврил ѝ се јавил на Дева Марија и ѝ соопштил дека таа е избрана да биде мајка на Синот Божји. Во спомен на оваа блага (добра) вест што ангелот ѝ ја пренел на Света Богородица, Црквата го востановила празникот Свето Благовештение или Благовест, а се празнува точно на девет месеци пред Божик.
- 08.04.2007 Воскресение Христово (Велигден) - денот на Христовото воскресение е најголемиот христијански празник. Воскресението Христово е суштината на христијанството и основа на самата вера, како што рекол светиот апостол Павле: „ако Христос не воскреснеше, празна ќе беше и нашата вера". Од воскресение до вознесение луѓето се поздравуваат со „Христос воскресе" и си отпоздравуваат со „Навистина воскресе".
- 15.04.2007 Јом Хашоа - ден на сеќавањето на востанието во Варшавското гето во 1943 год. и комеморативен ден на 6-те милиони еврејски жртви на фашистичкиот терор.
- 22.04.2007 Јом Хазикарон - ден на борците кои загинале за независноста на државата Израел.
- 23.04.2007 Јома Хатзмажут - Ден на независноста на државата Израел.

Детал од шестокрака ѕвезда (Мухри Сулејман) во Турбето на Исхак бегова Алаџа џамија во Скопје од 15 век
и Давидовата ѕвезда од еврејската синагога во Скопје.





Да имам пророчки дар ид а ги знам сите тајни, да ги имам сите знаења за сите работи, а и така силна вера што и планини да преместувам ако љубов немам, ништо не сум.

(1. Коринт. 13,2)



# Мај

| Пон | Вто | Сре | Чет | Пет | Саб | Нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 |
| 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 |
| 28 | 29 | 30 | 31 | | | |

Христијански: Православни Католички (западен обред) Католички (источен обред) Евангелско-методистички

Исламски Еврејски

- 06.05.2007 Лаг ба омер (33 ден од броењето на омер) - празник на младината и ден на радоста.
- 13.05.2007 Ден на мајката, се почитува како ден на којшто се нагласува улогата на мајката во духовното воспитување на децата и згрижување на секое напуштено дете, без разлика која е причината.
- 16.05.2007 Јом Јерушалаим - ден на Ерусалим.
- 17.05.2007 Вознесение Христово-Спасовден - празникот е востановен во спомен на Христовото вознесение. Тој ден се празнува 40-тиот ден по Велигден и тој паѓа секогаш во четврток. Овој празник е наречен и Спасовден зашто го чествува денот на Спасителот на светот - Господ Исус Христос.
- 17.05.2007 Вознесение Христово (Спасовден) - празникот е востановен во спомен на Христовото вознесение. Тој ден се празнува 40-тиот ден по Велигден и тој паѓа секогаш во четврток.
- 23-24.05.2007 Шавуот - празник на примање на Тората и празник на жетвата, 49-тиот ден на омер.
- 27.05.2007 Духовден (Св. Троица) - се празнува десет дена по Спасовден. На овој ден Светиот Дух во облик на пламени јазици слегол врз апостолите, по коешто апостолите почнале да зборуваат на разни јазици, а насобраните луѓе, иако дојдени од разни краеви на земјата, го разбирале говоренето. Вториот и третиот ден од овој празник се посветени на Света Троица, зашто со благослов на Отецот се исполнило ветувањето на Синот, дадено на апостолите, дека ќе им го испрати Светиот Дух.
- 27.05.2007 Педесетница (Духови) - се слави доаѓањето на Свети Дух врз апостолите и основањето на Црквата - Христовото царство на земјата.
- 28.05.2007 Пресвета Троица - се слави во чест на Бог Отец, Бог Син и Бог Дух Свети.

Кој го следи патот на знаењето, Алах му го олеснува патот до рајот.

(Изрека на Мухамед а.с.)



# Јуни 2007

| Пон | Вто | Сре | Чет | Пет | Саб | Нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 1 | 2 | 3 |
| 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 |
| 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 |
| 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | |

Христијански: Православни Католички (западен обред) Католички (источен обред) Евангелско-методистички

Исламски Еврејски

- 03.06.2007 Пресвета Троица - се слави во чест на Бог Отец, Бог Син и Бог Дух Свети.
- 07.06.2007 Телово (Пресвета Евхаристија) - како Господ наш Исус Христос, Кој ни ја дарува Евхаристијата, израз на Неговата неизмерна љубов.
- 15.06.2007 Пресвето Срце Исусово - празник на божјата неизмерна љубов кон нас луѓето.

Резба на царските двери од црквата Св. Спас во Скопје од 19 век и
сличности со резбата во влезниот портал на шадрванот во комплексот Арабатибаба теќе во Тетово.





Секој плот е трева, сета убавина нејзина како полско цвеќе. Тревата се суши, цвеќето се свенува, а Словото на нашиот Бог останува вечно.

(Исаија 40, 6+8)



- 03.07.2007 Шива асар бе тамуз (Пост).
- 16.07.2007 (01.Реџхеб 1428) Почеток на месецот Реџхеб - ден кога почнуваат трите месеца во коишто божјата милост е пообилна кон верниците.
- 19-20.07.2007 (4/5 Реџхеб 1428) Ноќта на Регаиб - ноќта во пресрет на првиот петок на месецот Реџхеб. Ноќ кога е зачнат Пратеникот Мухамед а.с. во утробата на својата мајка Амина.
- 24.07.2007 Тиша Беав (Пост) - ден на разрушувањето на Првиот и Вториот храм во Ерусалим.

# Јули

| Пон | Вто | Сре | Чет | Пет | Саб | Нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | 1 |
| 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| 23/30 | 24/31 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 |

Христијански: Православни Католички (западен обред) Католички (источен обред) Евангелско-методистички

Исламски Еврејски

„Жетвата е голема, а работници се малку; затоа молете Го Господарот од жетвата да испрати работници на жетвата Своја".

(Лк. 10,2)



- 06.08.2007 Преображение Господово - овој празник Црквата го слави во чест и во спомен на Христовото преображение на гората Тавор.
- 10-11.08.2007 (26-27 Реџхеб 1428). Ноќта на Мираџ - ноќ на воздигнувањето на Пратеникот Мухамед а.с. во небесите.
- 15.08.2007 Успение на Пресвета Богородица - како Господ наш Исус Христос ја зеде својата Мајка, Дева Марија, на небото со душата и телото.
- 19.08.2007 Преображение Господово - овој празник Црквата го слави во чест и во спомен на Христовото преображение на гората Тавор.
- 27-28.08.2007 (14/15 Шабан 1428). Ноќта на Берат - петнаесеттата ноќ на месецот Шабан, ноќ кога Куранот е пренесен во небото на земјата, а потоа од тука од страна на мелекот Џехбраил е пренесен за 23 години до Пратеникот Мухамед а.с.
- 28. 08. 2007 Успение на Пресвета Богородица - празникот е востановен во спомен на успението на Пресвета Богородица. Според преданието, на третиот ден по нејзиниот погреб, Господ Исус Христос ја воскреснал, издигнувајќи ја на небото.
- 28.08.2007 Успение на Пресвета Богородица - како Господ наш Исус Христос ја зеде својата Мајка, Дева Марија, на небото со душата и телото.

# Август 2007

| Пон | Вто | Сре | Чет | Пет | Саб | Нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | | |

Христијански: Православни Католички (западен обред) Католички (источен обред) Евангелско-методистички

Исламски Еврејски

Ентериерите на Евангелско-методистичка црква во Струмица и Католичката црква „Пресвето срце Исусово” во Скопје.






Ако ние ги заборавиме нашите браќа, тогаш да не очекуваме Господ да се сети на нас.

Свети Јован Златоуст



## Септември

| Пон | Вто | Сре | Чет | Пет | Саб | Нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 1 | 2 |
| 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 |
| 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 |

Христијански: Православни Католички (западен обред) Католички (источен обред) Евангелско-методистички

Исламски Еврејски

- 08.09.2007 Раѓање на Пресвета Богородица - во чест на денот на раѓањето на Дева Марија од праведните Јоаким и Ана, христијанската црква го востановила овој празник, познат и како Мала Богородица.
- 13.09.2007 (1. Рамазан. 1428) - првиот ден на светиот месец на постот Рамазан.
- 13.09.2007 Рош Хашана 5768 - Еврејска Нова година - 1 ден.
- 14.09.2007 Рош Хашана 5768 - Еврејска Нова година - 2 ден.
- 14.09.2007 Воздвижение на чесниот крст - се празнува во чест на пронаоѓањето на крстот на којшто бил распнат Господ Исус Христос. Чесниот крст го пронашле царицата Елена и нејзиниот син цар Константин во 4 век.
- 16.09.2007 Цом Гедаља (пост).
- 21.09.2007 Раѓање на Пресвета Богородица - во чест на денот на раѓањето на Дева Марија од праведните Јоаким и Ана, христијанската црква го востановила овој празник, познат и како Мала Богородица.
- 22.09.2007 Јом Кипур (пост) - ден на простување и покајување.
- 27.09.2007 Воздвижение на чесниот крст - се празнува во чест на пронаоѓањето на крстот на којшто бил распнат Господ Исус Христос. Чесниот крст го пронашле царицата Елена и нејзиниот син цар Константин во 4 век (строг пост).
- 27.09.-04.10.2007 Сукот – спомен празник, кој трае 8 дена и е во знак на 40-годишното талкање по пустината и празник на бербата на овошје.
- 29.09.2007 (17 Рамазан 1428) Денот на Бедр – на 17 рамазан, две години по емигрирањето на Мухамед а.с. од Мека во Медина или 624 година по раѓањето на Иса а.с. во местото Бедр, се случила првата битка меѓу муслиманите и многубошците (политеистите), т.е. битката меѓу верувањето и неверството, меѓу доброто и злото, во која победуваат муслиманите.

Господе, води ме во правдата Твоја, заради непријателите мои израмни го пред мене патот Твој.

(од молитвеникот „Бене Цион" на македонски јазик)



## Октомври 2007

| Пон | Вто | Сре | Чет | Пет | Саб | Нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 |
| 29 | 30 | 31 | | | | |

Христијански: Православни Католички (западен обред) Католички (источен обред) Евангелско-методистички

Исламски Еврејски

- 05.10.2007 Симхат Тора - Празник на Тората.
- 08-09.10.2007 (26-27 Рамазан 1428) Лејлетул Кадр - ноќта меѓу 26-27 рамазан во ноќта именувана Лејлетул Кадр, или 610 година по раѓањето на Иса а.с. почна објавата на Возвишениот Куран. За вредноста на оваа ноќ зборува самиот Куран. Куранот оваа ноќ ја опишува како повредна од 1000 месеци.
- 12-14.10.2007 (1-3 Шеввал 1428) Рамазански Бајрам - по завршувањето на месец Рамазан, муслиманите го прославуват Рамазан или Фитр Бајрам. Прославувањето на Бајрам датира од емигрирањето на Мухамед а.с. од Мека во Медина. За бајрамските денови муслиманите ги посетуваат своите најблиски.
- 14.10.2007 Покров на Пресвета Богородица - празникот е востановен во спомен на постојаното покровителство на Пресвета Богородица и помошта што им ја дава таа на сите што ѝ се молат искрено.
- 28.10.2007 Христос Цар - славејќи го овој празник, Црквата нè потсетува дека еден ден ќе дојде и крајот на нашиот земски живот.

Куполата на црквата Св. Пречиста Кичевска 17 век изградена и насликана во 19 век
и куполата на Шарена џамија во Тетово изградена во 15 век со сликарска декорација од 19 век.





Поткрепувајте ги слабите и бидете долготрпеливи кон сите.

(1. Солуњани 5,14)



## Ноември

| Пон | Вто | Сре | Чет | Пет | Саб | Нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 |
| 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | | |

Христијански: Православни Католички (западен обред) Католички (источен обред) Евангелско-методистички

Исламски Еврејски

- 01.11.2007 Сите Светии - според католичкото учење, сите кои се во небото се свети и нив ги има многу повеќе отколку што ги има во календарот и затоа Црквата го воведе овој празник во чест на сите нив.
- 25.11.2007 Христос Цар - славејќи го овој празник, Црквата нè потсетува дека еден ден ќе дојде и крајот на нашиот земски живот.

„Кон Тебе повикав од крајот на земјата, кога срцето ми папса. Ќе ме издигнеш на карпа и мир ќе ми дадеш".

(Пс. 60,2).



## Декември 2007

| Пон | Вто | Сре | Чет | Пет | Саб | Нед |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 1 | 2 |
| 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 |
| 24/31 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 |

Христијански: Православни Католички (западен обред) Католички (источен обред) Евангелско-методистички

Исламски Еврејски

- 04.12.2007 Воведение на Пресвета Богородица (Пречиста) - Пресвета Дева Марија била ветена од нејзините родители да му служи на Бога, па затоа, кога таа наполнила три години, нејзините родители Јоаким и Ана ја одвеле во Ерусалимскиот храм. Во спомен на овој настан, воведувањето на тригодишната Марија во храмот, Светата црква го востановила празникот Воведение, познат и како Света Пречиста.
- 04.12.2007 Прва недела Адвентот - адвент е време коешто треба да го искористи секој човек за да се подготви духовно за доаѓањето на нашиот Спасител Исус Христос на земјата, односно неговото раѓање. Адвентот трае четири недели.
- 04 - 12.12.2007 Ханука - празник којшто трае и се празнува 8 дена во спомен на ослободителната борба на евреите и посветување на Храмот пред 2170 години.
- 19.12.2007 (9. Зулхиџхе) Денот на Арифе - ден на подготвување за големиот празник Курбан Бајрам и ден кога аџиите излегуваат во долината Арафат како една од основните должности на аџилакот во исламската вера.
- 19.12.2007 Асар бе Тевет (Пост).
- 20-23.12.2007 (10-13 Зул-хиџе 1428) Курбан Бајрам - еден од двата најголеми исламски празници. На овој ден муслиманите кои имаат материјална можност жртвуваат курбан во името на Алах џ.ш.
- 25.12.2007 Божиќ (Рождество Христово) – како Дева Марија го роди Исуса Христа во Витлеемската пештера.

Design: Koma lab. / Print: Boro Grafika

Детали од архитектонските елементи во црквата Св. Никола Шишевски 14 век
и џамијата на Татар Синан бег во Куманово 16 век.



